РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
КОНЗЕРВАТОРСКИ ЦЕНТАР - СКОПЈЕ
Бр. 01-463/1
11.06. 2015 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 36 став (1) точка 1, а во врска со член 25 став (1) од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14 и 61/15), Управниот одбор на Националната установа Конзерваторски центар - Скопје на седницата одржана на ден 11.06.2015 година, донесе

**С Т А Т У Т**
**на Националната Установа Конзерваторски центар - Скопје**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

***Предмет на уредување***
**Член 1**

(1) Со овој Статут се уредуваат називот, седиштето, правната положба, застапувањето, дејноста, работата, организацијата, раководењето, управувањето, финансирањето, информирањето и обезбедувањето јавност во работата и други прашања утврдени со Законот за културата и друг закон, што се од значење за работењето на Република Македонија, Национална установа, Конзерваторски центар - Скопје (во понатамошниот текст: Конзерваторскиот центар.

(2) Министерот за култура дава согласност на статутот од ставот 1 на овој член.

***Назив и седиште***
**Член 2**

(1) Целосниот назив на Конзерваторскиот центар - Скопје гласи: ”Република Македонија, Национална установа, Конзерваторски центар - Скопје”.

(2) Скратениот назив на Конзерваторскиот центар гласи: “НУ Конзерваторски центар - Скопје, Скопје“.

(3) Седиштето на Конзерваторскиот центар е во Скопје, ул. ”Макарие Фрчковски“ бр.8.

***Основач и сукцесија***
**Член 3**

(1) Основач на Конзерваторскиот центар е Владата на Република Македонија, со Одлука за утврдување на мрежата на националните установи од областа на културата („Службен весник на Република Македонија”бр. 84/03 и 13/11).

(2) Конзерваторскиот центар е правен следбеник на правното лице Националната установа - Завод за заштита на спомениците на културата на град Скопје - Скопје, која со Решение Срег.бр.118/2004 од 21.05.2004 година во судскиот регистар на Основниот суд Скопје 1 Скопје беше усогласена со Законот за култура и Одлуката за утврдување на мрежата на националните установи од областа на културата како правен следбеник на работната организација Завод за заштита на спомениците на културата на град Скопје ц.о. – Скопје основана од Народниот одбор на општина “Кале” Скопје со решение бр.316 од 19.03.1963 година и регистриран во Окружниот стопански суд под бр. УС 223/65, рег.298 на стр.221 на 31.12.1965 год., а конституиран како работна организација без основни организации на здружен труд и запишана во Окружниот стопански суд во Скопје, со решение Ф.И.бр.1515/78 на 28.06.1979 год.

***Правна положба***
**Член 4**

(1) Конзерваторскиот центар е непрофитна национална установа од областа на културата.

(2) Конзерваторскиот центар има својство на правно лице, запишано во Централниот Регистар на Република Македонија.

(3) Во правниот промет со трети лица Конзерваторскиот центар настапува во свое име и за своја сметка, а за своите обврски одговара со сите средства со кои располага и за целиот износ на обврските.

(4) Конзерваторскиот центар може да го промени видот, називот и седиштето, како и да изврши статусни измени (спојување, припојување, поделба и издвојување) само по претходна одлука на Владата на Република Македонија.

***Печат и штембил***
***Член 5***

(1) Во своето работење Конзерваторскиот центар употребува печат и штембил.

(2) Печатот има форма на круг, со пречник од 35 мм по чија внатрешна страна, полукружно, со кирилско писмо е испишан текстот: "Република Македонија, Националната установа Конзерваторски центар - Скопје, со зборот Скопје во долниот дел на печатот, а во средината - грбот на Република Македонија.

(3) Штембилот е правоаголен, со димензии: должина 55 мм и ширина 30 мм, над испишаниот текст стои грбот на Република Македонија и со текст испишан со кирилско писмо под грбот се наоѓа текстот кој гласи: "РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА", под кој со големи букви следува текстот : "НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА", под кој со големи букви следува текстот : "КОНЗЕРВАТОРСКИ ЦЕНТАР - СКОПЈЕ". Во средината има ознака: Бр ______. На долниот раб се наоѓа линија за означување на датумот: ______., под која стои зборот: "СКОПЈЕ".

(4) Печатот и штембилот од ставовите (2) и (3) на овој член ги чува и употребува овластено лице, задолжено за водење на архивата со решение од директорот на Конзерваторскиот центар.

(5) Лицето од ставот (4) на овој член и директорот на Конзерваторскиот центар се одговорни за правилното чување и употребата на печатот и штембилот од ставовите (2) и (3) на овој член.

(6) Начинот на употребата, чувањето и ракувањето со печатот и штембилот од ставовите (2) и (3) на овој член се утврдува со одлука на Управниот одбор на Конзерваторскиот центар.

***Заштитен знак***
**Член 6**

(1) Конзерваторскиот центар има заштитен знак.

(2) Заштитниот знак од ставот (1) на овој член има кружна форма која е обликувана од следниот текст "РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА" во надворешниот круг и текстот "КОНЗЕРВАТОРСКИ ЦЕНТАР - СКОПЈЕ СКОПЈЕ" во внатрешниот круг, а во средината е исцртан Камениот мост, дел од тврдината "Кале" и во далечина планински врв.

(3) Начинот и условите на користење на заштитниот знак од ставот (1) на овој член се утврдуваат со одлука на Управниот одбор на Конзерваторскиот центар.

***Застапување и претставување***
**Член 7**

(1) Во правниот промет со трети лица, Конзерваторскиот центар го претставува и застапува директорот, без ограничувања.

(2) Друго лице може да го претставува и застапува Конзерваторскиот центар само врз основа на писмено овластување (полномошно), издадено од директорот.

(3) Во случаите од ставот (2) на овој член, полномошникот го застапува и претставува Конзерваторскиот центар во границите на даденото полномошно.

***Овластени потписници на сметките***

**Член 8**

(1) Конзерваторскиот центар има буџетска сметка за единка корисник на Буџетот на Република Македонија.

(2) Овластен потписник на Буџетската сметка на Конзерваторскиот центар е директорот, без ограничување.

(3) Управниот одбор на Конзерваторскиот центар може со одлука да определи втор потписник или повеќе други потписници на жиро-сметките, односно трезорските потсметки на Конзерваторскиот центар.

(4)Во случаите од ставот (3) на овој член, Управниот одбор на Конзерваторскиот центар со истата одлука ги утврдува начинот на потпишувањето и евентуалните ограничувања на износите до кои тие потписници можат да потпишуваат.

## II - ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИЈА

### 1.Дејност

***Основна дејност***

**Член 9**

(1) Дејност на Конзерваторскиот центар е заштита на историски места и градби, како и слични знаменитости за посетители (шифра: 91.03) која опфаќа заштита, конзервација и реставрација на културното наследство.

(2) Дејноста од ставот (1) е од национален интерес.

(3) Во рамките на основната дејност Конзерваторскиот центар ги врши следните функции:

1. Ги проучува, истражува и со научни методи ги обработува прашањата од областа на заштитата на недвижното културно наследство;
2. Изработува стручни елаборати за валоризација и ревалоризација на недвижните добра;
3. Изработува заштитно-конзерваторски основи за потребите на просторните и урбанистичките планови;
4. Врши археолошки истражувања на објектите што се предмет на конзервација;
5. Врши конзерваторски истражувања и други истражувачки работи за заштита на недвижното културно наследство;
6. Изработува конзерваторски проекти;
7. Врши стручна контрола на конзерваторските проекти изработени од други овластени правни и физички лица;
8. Врши и организира изведувања на конзерваторско-реставраторски и други работи на непосредна заштита, уредување и презентација на заштитените недвижни добра;
9. Врши конзерваторски и друг вид стручен надзор над спроведувањето на мерките за заштита на недвижното културно наследство согласно со Законот за заштита на културното наследство;

10. Врши стручни експертизи и процена на штета на заштитените недвижни добра;
11. Дава стручна помош на имателите на заштитените добра;
12. Издава публикации и врши популаризација на недвижното културно наследство и негова заштита;
13. Врши непосредна заштита и на движното културно наследство кое му е доверено од надлежната јавна установа за заштита или од друг имател на такво добро;
14. Управува со недвижното културно наследство во државна сопственост, за кое му е пренесено правото на користење;
15. Врши и други стручни работи што му се ставени во надлежност со Законот за заштита на културното наследство како и со друг закон и овој статут.

(4) Проширување на дејноста и други статусни промени на Конзерваторскиот центар може да се направат со измена на овој статут и согласност од основачот односно Владата на Република Македонија.

*Дополнителна дејност*
**Член 10**

Покрај основната дејност, Конзерваторскиот центар ги врши и следните дополнителни дејности:

1. Изградба на станбени и нестанбени згради (шифра 41.20)
2. Трговија на мало со книги во специјализирани продавници (шифра: 47.61),
3. Друга трговија на мало вон продавници, тезги и пазари (шифра 47.99) која опфаќа продажба на сувенири, копии на заштитени предмети, ракотворби и други слични производи вон продавници и
4. Издавање на книги (шифра 58.11)
5. Архитектонски дејности (шифра71.11)
6. Инжинерство и со него поврзано техничко советување (шифра 71.12)
7. Техничко испитување и анализа (шифра 71.20) .

## III. Организација на работењето

*Организациона поставеност*
**Член 11**

(1) Работењето на Конзерваторскиот центар се организира преку организациони единици и работно место во нивниот состав, кои поблиску се утврдуваат со Правилник за организација на работата и Правилник за систематизација на работните места.

(2) Со правилниците од ставот (5) таксативно се утврдува обемот, организацијата и природата на работните задачи во организационите единици, како и потребниот број извршители, за нивно извршување.

(3) Вршењето на работите на вработените како давателите на услугите во Конзерваторскиот центар се уредува во согласност и со Законот за културата и соодветниот закон за дејноста, а вршењето на правните, сметководствено-финансиските, административно-стручните и општите работи се организира во организационите единици согласно со прописите за административни службеници и вработените во јавниот сектор и прописите од областа на културата.

## IV - ОРГАНИ НА РАКОВОДЕЊЕ И УПРАВУВАЊЕ

**1.Орган на раководење**

***Директор***

**Член 12**

(1) Орган на раководење на Конзерваторскиот центар е директорот.

(2) Директорот на Конзерваторскиот центар ги врши следниве работи:

- Ја води работата на националната установа;
- Ја застапува установата и одговара за материјално-финансиското работење и за законитоста и економичноста на нејзината работа;
- Донесува годишна програма за работа на националната установа по претходна согласност на Управниот одбор;
- Ги извршува одлуките на Управниот одбор;
- Ја организира реализацијата на Годишната програма;
- Донесува акт за систематизација и организација на работните места;
- Донесува акти во врска со работниот однос на вработените согласно со закон;
- Формира стручен совет и други советодавни тела (трајни и повремени), согласно со статутот;
- Склучува договор со кој ангажира надворешно лице како стручен советник согласно закон, во рамките на одобрените средства за работа на Конзерваторскиот центар :
- Поднесува годишен извештај за работа и финансиското работење на Конзерваторскиот центар ;
- Донесува годишен план за вработување за следната година по претходно мислење на Министерството за информатичко општество и администрација и претходна согласност од Министерството за култура;
- Формира Комисија за водење на дисциплинска постапка за дисциплинска неуредност или дисциплински престап;
- Донесува решенија за дисциплински мерки согласно закон;
- Одобрува службени патувања во земјата и странство;
- Раководи со организирањето и спроведувањето на подготовките за одбраната;
- Се грижи за правилно и навремено информирање на вработените и јавноста;
- Издава упатства и донесува наредби, решенија и други поединечни акти согласно со закон;
- Обезбедува услови за непречен пристап и вршење на управен и инспекциски надзор, ревизија и друг вид контрола на работењето на Конзерваторскиот центар од страна на надлежните органи и
- Врши и други работи согласно со закон и овој статут.

(3) Правата и обврските меѓу директорот и Министерството за култура се уредуваат со менаџерски договор согласно со Законот за културата.

**Член 13**

(1) Директорот на Конзерваторскиот центар се избира по пат на јавен оглас, што се објавува преку средствата за јавно информирање.

(2) Директорот на Конзерваторскиот центар се избира за време од четири години и може повторно да биде избран.

(3) Огласот за директор го распишува Министерството за култура, согласно со општите услови утврдени со Законот за културата и посебните услови утврдени со овој Статут.

(4) Министерот за култура го избира и разрешува директорот на Конзерваторскиот центар, најдоцна три месеци пред истекот на мандатот на претходниот директор.

(5) Директор избран од редот на вработените лица во Конзерваторскиот центар по истекот на мандатот или при престанок на мандатот, истиот се прераспоредува на работното место кое му мирува или на друго работно место соодветно на степенот на неговата стручна подготвка.

**Член 14**

(1) За директор може да биде избрано лице кое ги исполнува следните општи услови утрдени со Законот за културата и посебните услови утврдени со овој статут, односно лицето треба:

1) да е државјанин на Република Македонија;
2) во моментот на избирањето со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна или прекршочна санкција или забрана за вршење на професија, дејност или должност;
3) да има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен високо образование од областа на архитектурата, археологијата, ликовни уметности и применета уметност, градежништво, историја на уметност, етнологија, правни науки, економски науки, општествено-хуманистички науки, природно-применети науки, одбрана и безбедност или од областа на биологијата и хемијата;
4) да има минимум пет години работно искуство во областа на културата;
5) да има еден од следните меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:
   - ТОЕФЕЛ ИБТ - најмалку 74 бода,
   - ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
   - ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
   - ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) – положен,
   - БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или,
   - АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2);

6) има положено психолошки тест и тест за интегритет.“

7) да има минимум пет години работно искуство во областа на заштитата на културното наследство.

**Член 15**

Директорот на Конзерваторскиот центар е должен на секои шест месеци да доставува извештај до министерот за култура на начин утврден со Законот за културата.

**Член 16**

Директорот доколку утврди неправилности во работата на Конзерваторскиот центар должен е да превземе мерки за отстранување на тие неправилности, а по потреба може да формира стручна комисија за разгледување на одреден случај.

**Член 17**

Директорот на Конзерваторскиот центар може да биде разрешен и пред истекот на мандатот за кој е избран во случаи утврдени со закон.

**Член 18**

(1) Во случај кога не е избран директор или предвреме му престанал мандатот, министерот за култура, именува вршител на должноста директор на Конзерваторскиот центар, без објавување на оглас, од редот на вработените на Конзерваторскиот центар.

(2) Вршителот на должноста ги има сите права и обврски на директорот на Конзерваторскиот центар.

(3) Вршителот на должноста директор се именува за време до изборот на директор на Конзерваторскиот центар а најдолго за шест месеци.

## 2. Орган на управување

***Управен одбор***

**Член 19**

(1) Орган на управување на Конзерваторскиот центар е Управниот одбор.

(2) Управниот одбор на Конзерваторскиот центар го сочинуваат 5 преставници кои ги именува и разрешува министерот за култура, од кои двајца се преставници од редот на истакнати поединци од областа на културата, еден е од локалната самоуправа и двајца преставници од вработените на Конзерваторскиот центар .

(3) Претседателот и членовите на Управниот одбор на Конзерваторскиот центар се именуваат врз принцип на стручност и компетентност за време од 4 години и може повторно да бидат именувани.

(4) На претседателот и на членовите на Управниот одбор на Конзерваторскиот центар им следува соодветен надоместок што го определува министерот за култура.

**Член 20**

(1) Со работата на Управниот одбор раководи претседателот на Управниот одбор.

(2) Управниот одбор работи и одлучува на седници со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

(3) Членовите и претседателот се должни да присуствуваат на седниците на Управниот одбор.

(4) За својата работа, Управниот одбор е одговорен пред Министерот за култура.

**Член 21**

(1)Управниот одбор на национална установа:

1. Донесува статут;
2. Ги утврдува политиката и принципите за развој и работа на установата;
3. Дава согласност на годишната програма на установата по предлог на директорот;
4. Го усвојува годишниот извештај за работата на установата по предлог на директорот;
5. Дава согласност на актот за организација на работата и систематизација на работните места на установата;
6. Донесува документи за финансиското работење на установата, согласно со прописите за материјално и финансиско работење;
7. Одлучува во втор степен за решенија што ги донесува директорот за правата и обврските на вработените од работен однос, за дисциплински мерки и други решенија, согласно закон;
8. Дава образложен предлог на министерот за култура за разрешување на директорот;
9. Донесува деловник за својата работа;
10. Го следи остварувањето на годишната програма за работа на националната установа;
11. Донесува правилник за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на изборот, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работно место за кое е објавен јавниот оглас, по предлог на директорот;
12. Донесува правилник за формата и содржината на интерниот оглас, како и на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за унапредување, начинот на спроведување на реизборот, како и начинот на нивно бодување, по предлог на директорот;
13. Донесува правилник за поблиските критериуми за спроведување на оценувањето на давателите на јавни услуги во културата согласно законот за културата член 77-к став (2), висината на паричната или друг вид материјална или нематеријална награда, намалувањето на плата или распоредување на работно место на пониско ниво, по предлог на директорот;

14.Донесува други акти согласно со овој статут и со закон;
15.Еднаш годишно доставува извештај за својата работа до Министерството за култура и
16.Врши други работи утврдени со закон и статут.

**Член 22**

Претседателот и членовите на Управниот одбор можат да бидат разрешени пред истекот на мандатот доколку работат спротивно на закон или установата не ја остварува својата функција.

**Член 23**

Начинот на работата, одлучувањето, правата и должностите на Управниот одбор, како и постапката и условите за предвремено разрешување на претседателот и членовите се регулираат со Деловник за работа на Управниот одбор.

**3. Стручни тела**

***Стручен совет***

**Член 24**

(1) За разгледување на определени прашања од стручен карактер, директорот на Конзерваторскиот центар може со решение да формира стручен совет.

(2) Со решението од став (1) на овој член се определува составот и делокругот на работа на стручниот совет.

(3) Со седниците на стручниот совет председава директорот на Конзерваторскиот центар.

**Член 25**

(1) По потреба, директорот може да основа стручни и советодавни комисии и други работни тела.

(2) Мандатот и делокругот на членовите на комисијата трае, согласно решението донесено од директорот на Конзерваторскиот центар

(3) За член на Комисијата едно лице може да биде избрано повеќе пати.

(4)Комисијата за својата работа одговара пред директорот на Конзерваторскиот центар е должна да му поднесува извештај.

## V –РАБОТНИ ОДНОСИ

**Член 26**

(1) На правата, обврските и другите прашања од областа на работните односи на вработените во Конзерваторскиот центар се преминуваат одредбите од Законот за културата и прописите за јавната администрација, за работните односи и колективните договори склучени во согласност со закон.

## VI - ОПШТИ АКТИ

***Други општи акти***

**Член 27**

(1) Одредени прашања од работењето на Конзерваторскиот центар поблиску се уредуваат со правилници и други општи акти, во согласност со закон и овој статут.

(2) Во смисла на став (1) на овој член, во Конзерваторскиот центар се донесуваат особено:

1.Правилник за организација на работата и Правилник за систематизација на работните места;
2.Годишен план за вработување согласно закон;

3. Правилник за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на тестирање, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работно место за кое е објавен јавниот оглас;
4. Правилник за формата и содржината на интерниот оглас, како и на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за унапредување, начинот на спроведување на реизбор, како и начинот на нивно бодување;
5. Правилник за поблиските критериуми за спроведување на оценувањето на давателите на јавни услуги во културата согласно законот за културата член 77-к став (2), висината на паричната или друг вид материјална или нематеријална награда, намалувањето на плата или распоредување на работно место на пониско ниво;
6. Правилник за заштита при работа;
7. Правилник за заштита од пожари и експлозии;
8. План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи,
9. Правилник за формирање и работење на редакцискиот одбор за издавање на стручни и научни публикации од областа на дејноста
10. Правилник за издавачка дејност;
11. Правилник за стручно усовршување
12. Правилник за теренска работа и реализација на вонпрограмските активности.
13. Деловник за работа на Управниот одбор;
14. Деловник за работа на Стручниот совет и
15. Други акти кои произлегуваат од овој статут или закон.
16. Акти за чувањето, обработката и користењето на документацијата;

(3) Актите на Конзерваторскиот центар мора да бидат во согласност со Уставот, важечките законски, подзаконски прописи и овој Статут.

**Член 28**

(1) Конзерваторскиот центар е должен на својата веб страница да ги објава проектите кои се реализираат во тековната година.

(2) Конзерваторскиот центар во првиот квартал од тековната година за претходната година доставуваат извештај до Министерството за култура за реализацијата на годишната програма, кој содржи наративен приказ за реализација на програмата, спецификација за вкупно потрошените средства, договори, сметки, фактури и конечен финансиски план со сите износи на потрошени средства и извори на финансирање.

(3) Конзерваторскиот центар на својата веб страница, во првиот квартал во тековната година за претходната година, го објавува извештајот за реализацијата на годишната програма.

**Член 29**

Статутот на Конзерваторскиот центар и другите општи акти што ги донесува Управниот одбор на Конзерваторскиот центар, се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

**Член 30**

(1) Иницијатива за донесување на нов Статут или измени и дополнување на истиот може да поднесе:

1.Најмалку една третина од вкупниот број членови на Управниот одбор на Конзерваторскиот центар и

2.Директорот на Конзерваторскиот центар.

(2) Иницијативата од став (1) на овој член, во писмена форма се доставува до Управниот одбор на Конзерваторскиот центар.

(3) Управниот одбор е должен да ја разгледа иницијативата и по истата да донесе соодветна одлука.

(4) Одлуката од ставот (3) на овој член се доставува до подносителот на иницијативата.

**Член 31**

Измена и дополнување на Статутот и другите општи акти се врши по иста постапка, како и за нивното донесување.

**Член 32**

Сите општи акти што се донесуваат во Конзерваторскиот центар се објавуваат на огласна табла, а влегуваат во сила осмиот ден од денот на објавувањето.

## VII – КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ, ПРАШАЊА ПОВРЗАНИ СО ОДБРАНАТА, ВОЕНА И ВОНРЕДНА СОСТОЈБА И ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

***Класифицирани информации***

**Член 33**

(1) Класифицирана информација е информација која се заштитува од неовластен пристап или употреба и која се определува со степен на класификација согласно со закон.

(2) За класифицирани информации се сметаат документи и податоци кои:

- надлежен орган ги прогласил за класифицирана информација;
- како доверливи надлежен орган му ги соопштил на Конзерваторскиот центар
- во врска со одбраната се означени како класифицирани информации;

(3) Класифицирана информација претставуваат и документи кои се определени со прописите, а кои Управниот одбор ги прогласил за класифицирана информација.

(4) Документите и податоците што се сметаат за класифицирана информација се должни да ги чуваат сите работници на Конзерваторскиот центар, додека се во работен однос, и по престанувањето на работниот однос во рок од три години.

(5) Документите и податоците што претставуваат класифицирана информација не можат да се даваат на увид без одобрение на директорот на Конзерваторскиот центар.

**Член 34**

(1) Класификацијата на информациите се врши според нивната содржина од овластено лице, согласно законските прописи.

(2) Информациите кои не се наменети за јавна употреба, а со чие откривање би се намалила ефикасноста на работењето на Конзерваторскиот центар добиваат ознака „за ограничена употреба“.

**Член 35**

(1) Критериумите, мерките и активностите за заштита и користење на класифицираните информации се определени согласно закон и Планот за заштита на класифицираните информации за вонредни состојби.

(2) Конзерваторскиот центар е должен да создаде услови неопходни за заштита на класифицирани информации и да преземе мерки за елиминирање на негативните последици, ако дојде до откривање на класифицираните информации.

(3) За ефикасно и координирано извршување на правата и обврските кои се однесуваат на класифицираните информации во Конзерваторскиот центар, се определуваат овластени лица кои треба да поседуваат безбедносен сертификат, кој им се издава за соодветен степен на класифицирана информација, согласно принципот „потребно е да се знае“.

(4) За давање на документи и податоци кои што се прогласени за класифицирани информации на трети лица, се води посебна евиденција, во која се евидентираат: името и презимето на лицето и називот на органот на кои им се соопштени податоците, односно им се дадени документите, видот на податоците, формата во која се соопштени и за каква цел и по чие барање се дадени.

(5) Евиденцијата од став (1) на овој член се смета доверлива и се чува на посебно безбедно место, во просториите на Конзерваторскиот центар.

***Прашања поврзани со одбраната***

**Член 36**

(1) Класифицирана информација претставуваат податоците во документите од значење на одбраната.

(2) На документите кои претставуваат класифицирана информација, во зависност од нивното значење, во горниот десен агол им се става зборот „ОДБРАНА“, а под него им се одредува еден од следните три степени на тајност: „строго доверливо“ „доверливо“ или „интерно“.

**Член 37**

Конзерваторскиот центар изготвува документи, се организира и спроведува подготовки за одбрана, заштита, спасување и управување со кризи.

**Член 38**

Конзерваторскиот центар, во соработка со Министерството за култура, го врши финансирањето на подготовките за одбрана, заштита, спасување и управување со кризи.

**Член 39**

По барање на Министертвото за одбрана на Република Македонија, Конзерваторскиот центар е должен да врши услуги кои се од посебно значење на одбраната.

***Воена и вонредна состојба***

**Член 40**

(1) Во воена или вонредна состојба, Конзерваторскиот центар, презема мерки за заштита и спасување на вработените и корисниците на услуги, кои ќе се затекнат во просториите на установата и нејзините објекти, како и спроведување на посебни мерки за заштита на материјалните добра и документите, материјалите и податоците кои претставуваат класифицирана информација и друга тајна.

(2) Вработените се должни во случај на воени конфликти или во случај на вонредна состојба заради природни непогоди и други несреќи, да се грижат за имотот на Конзерваторскиот центар. Задачите и обврските на вработените во вакви услови се определени согласно законот.

**Член 41**

Во делот на одбраната во Конзерваторскиот центар директно се применуваат законските и подзаконските прописи од оваа област.

***Заштита на лични податоци***

**Член 42**

(1) При извршувањето на работните обврски, Конзерваторскиот центар има потреба од користење на личните податоци за вработените во Конзерваторскиот центар и посетителите на Конзерваторскиот центар кои се користат согласно прописите за заштита на личните податоци.

(2) Личните податоци за вработените во Конзерваторскиот центар се собираат, обработуваат и доставуваат на трети лица согласно со закон, заради остварување на правата и обврските од работниот однос или во врска со работниот однос.

(3) Личните податоци за надворешните лица во Конзерваторскиот центар се собираат, обработуваат, употребуваат и по потреба доставуваат до надлежни органи, со цел за заштита на сопственоста на имотот, културното наследство и другите материјални вредности кои се наоѓаат во Конзерваторскиот центар.

**Член 43**

Личните податоци за вработените во Конзерваторскиот центар и надворешните лица, може да ги собира, обработува, употребува и доставува на трети лица, само директорот на Конзерваторскиот центар и од него овластени лица.

**Член 44**

Заштитата на личните податоци се врши согласно со законските и подзаконските прописи и општите акти на Конзерваторскиот центар.

## VIII - ЕВИДЕНЦИЈА

**Член 45**

(1) Конзерваторскиот центар е должен да води евиденција согласно Законот за заштита на културното наследство и прописите за канцелариско и архивско работење: матичен инвентар на недвижни добра од културно и историско значење, влезна и излезна книга на евидентирани добра.

(2) Конзерваторскиот центар може да води и друг вид евиденција и документација, во согласност со законските прописи, овој статут и актите на Конзерваторскиот центар.

## IX - ФИНАНСИРАЊЕ

*Извори на средства*

**Член 46**

(1) Средствата за работа на Конзерваторскиот центар се обезбедуваат од:

- Буџетот на Република Македонија, на начин и во постапка утврдени со Законот за културата и прописите за буџетско финасирање;
- Сопствени приходи од вршење услуги од нејзина надлежност;
- Донации на меѓународни организации или други домашни и странски правни и физички лица и
- Спонзорства, подароци, завештанија и други извори утврдени со закон.

(2) Сопствените приходи во смисла на став (1) алинеја 2 на овој член се обезбедуваат од:

- Влезници;
- Продажба на книги и друг вид публикации, сувенири, копии на предмети, ракотворби и слични предмети поврзани со дејноста на установата;
- Приходи од услуги;
- Договорни активности.

(3) Висината на цената во смисла на став (2) алинеја 1 и алинеја 2 на овој член ја утврдува Управниот одбор на Конзерваторскиот центар со одлука (ценовник), а висината на цената во

(2) Известувањето во смисла на став (1) на овој член се врши преку огласна табла и непосредно од страна на раководните работници.

(3) На огласна табла се објавуваат општите акти на Конзерваторскиот центар, поединечните акти на Управниот одбор на Конзерваторскиот центар и на директорот на Конзерваторскиот центар, соопштенија и други пишани акти.

(4) Раководните работници се должни редовно да ги информираат вработените за работењето на Конзерваторскиот центар и постигнатите резултати, за актуелните состојби и отворените прашања, претстојните активности и слично, што се од интерес на вработените.

(5) На барање, секој вработен може да оствари увид во службената документација со одобрение на директорот на Конзерваторскиот центар, со исклучок на документите што претставуваат класифицирани информации, заштитени лични податоци или се означени со друг вид и степен на тајност согласно со закон.

***Известување на јавноста***
**Член 48**

(1) Конзерваторскиот центар ја известува јавноста за своето работење преку средствата за јавно информирање и во согласност со прописите за слободен пристап до информации од јавен карактер.

(2) Известувањето во смисла на став (1) на овој член се врши преку посебни соопштенија, платени огласи, написи, разговори, учество во специјални емисии на електронските медиуми и слично.

(3) Известувањето на јавноста се врши и преку една или повеќе интернет страници на установата.

(4) Одговорно лице за давање информации на јавноста е директорот на Конзерваторскиот центар или лицето што тој ќе го овласти согласност со прописите за слободен пристап до информации од јавен карактер.

## XI - ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

***Работно време***
**Член 49**

(1) Работното време на Конзерваторскиот центар го определува Управниот Одбор на Конзерваторскиот центар со одлука, доколку со закон не е поинаку определено.

(2) Во оправдани случаи, по потреба, Управниот Одбор на Конзерваторскиот центар може со одлука да определи поинакво работно време за одделни објекти, проекти, програми, акции или други активности, различно од работното време определено во смисла на став (1) на овој член.

***Штрајк***
**Член 50**

Неопходното ниво на процесот на работа во услови на штрајк се утврдува со одлука на Управниот одбор на Конзерваторскиот центар, во согласност со закон и колективен договор.

***Имот на установата***
**Член 51**

(1) Конзерваторскиот центар нема право на сопственост и право на користење на недвишен имот. Конзерваторскиот центар е сместен и ја обавува својата дејност во конаците на црквата Св. Спас, сопственост на Македонската православна црква – Скопска Митрополија, во површина од 814 м2, лоцирано на КП бр.9183, запишани во Имотен лист бр.44870 КО Центар1.

(2) За движниот и недвижниот имот на Конзерваторскиот центар се води книговодствена евиденција и истото се користи во согласност со прописите за располагање и користење со ствари во државна сопственост.

## XII - ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

*Усогласување на работата*

**Член 52**

Конзерваторскиот центар ќе ја усогласи својата работа со одредбите на овој Статут во рок од еден месец од неговото влегување во сила.

*Донесување на општите акти*

**Член 53**

(1)Правилникот за организација на работата и Правилникот за систематизација на работните места, усогласени со овој Статут, ќе се донесат во рок од еден месец од влегувањето во сила на овој Статут.

(2) Другите општи акти од член 27 став (2) на овој Статут ќе се донесат во рок од три месеци од влегувањето во сила на овој Статут.

*Престанување на постојниот статут*

**Член 54**

Со влегувањето во сила на овој Статут престанува да важи Статутот на Конзерваторскиот центар бр.02-155/7 од 29.03.2005 година, Одлуката за изменување и дополнување бр.02-278/7 од 19.05.2009 година, Одлуката за изменување и дополнување бр.02-787/4 од 17.11.2009 година и Одлуката за изменување и дополнување бр.02-259/3 од 03.05.2012 година.

*Влегување во сила на овој Статут*

**Член 55**

Овој статут влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето на огласната табла на Конзерваторскиот центар, а ќе се објави веднаш по добивањето на согласност од министерот за култура.

УПРАВЕН ОДБОР на
НУ Конзерваторски центар - Скопје
Претседател,

Дата __________ 2015 година

Светланка Коруновска-Аџигогова

Република Македонија

Влада на Република Македонија

Министерство за култура

Во акта - Арх. знак:
Рок на чување: год.
______20__ год. Потпис,
Скопје ________

[redacted]

Министерство за култура на
Република Македонија
ЕМБС 4219651

Сектор за нормативни и
управни работи

ул.„Ѓуро Ѓаковиќ“ бр.61, 1000
Скопје,
Република Македонија,

тел.: +389 (0)23240-665
факс: +389(0)23240-561

е-адреса: @kultura.gov.mk

www.kultura.gov.mk

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
КОНЗЕРВАТОРСКИ ЦЕНТАР - СКОПЈЕ
СКОПЈЕ

| Примено: 04. 12. 2015 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 01 | 463/3 | | |

Бр. 55-7241/3
Датум: 04.12.2015 г.

До
**Националната установа Конзерваторски центар – Скопје**

**Предмет:** Согласност на Статут

Почитувани,

Во врска со вашето Барање бр. 01-463/2 од 12.06.2015 година, за добивање согласност на Статутот на Националната установа Конзерваторски центар – Скопје бр. 01-463/1 од 11.06.2015 година, во прилог ви го доставуваме Решението бр. 55-7241/2 од 04.11.2015 година, за давање согласност на Статутот на Националната установа Конзерваторски центар – Скопје бр. 01-463/1 од 11.06.2015 година.

**Прилог:** Решение

Државен советник за правни работи,

м-р Весна Илиевска

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА СКОПЈЕ

Подготви: Димитри Чапканов

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
Бр. 55 - 7241/2
04.12 2015 год.

Скопје

Врз основа на член 25 став (2) од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15 и 154/15), министерот за култура го донесе следново:

# РЕШЕНИЕ
## за давање согласност на Статутот на Националната установа Конзерваторски центар - Скопје

1. Се дава согласност на Статутот на Националната установа Конзерваторски центар - Скопје бр. 01-463/1 од 11.06.2015 година, донесен на седницата на Управниот одбор одржана на ден 11.06.2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

## Образложение

Националната установа Конзерваторски центар - Скопје, до Министерството за култура достави Барање бр. 01-463/2 од 12.06.2015 година за добивање согласност на Статутот на Националната установа Конзерваторски центар - Скопје бр. 01-463/1 од 11.06.2015 година, кој е донесен на седницата на Управниот одбор оддржана на 11.06.2015 година.

Статутот на Националната установа Конзерваторски центар - Скопје бр. 01-463/1 од 11.06.2015 година, е донесен заради усогласување со Законот за изменување и дополнување на Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/14), особено во делот на одредбите за раководење и управување со установата, работните односи на вработените, финансирањето на установата и друго.

Согласно членот 25 ставови 1 и 2 од Законот за културата („Службен весник на Рапеублика Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15 и 154/15) националната установа од областа на културата има статут со кој се уредува работата и организацијата на установата и обезбедувањето јавност во нејзината работа, на кој согласност дава министерот за култура.

Имајќи го предвид напред наведеното, министерот за култура одлучи како во диспозитивот на ова решение.

МИНИСТЕР,

д-р Елизабета Канческа – Милевска

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА СКОПЈЕ

55/ Подготви: Димитри Чапканов
Одобрил: Магдалена Диковска
Согласен: Весна Илиевска

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
КОНЗЕРВАТОРСКИ ЦЕНТАР - СКОПЈЕ
Бр. 01-463/1А
11.06. 2015 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за култура, Управниот одбор на Националната установа, Конзерваторски центар - Скопје донесе

**О Д Л У К А**

1. Управниот одбор на НУ Конзерваторски центар - Скопје го донесе Статутот на установата и истиот едногласно го усвои.

2. Статутот на НУ Конзерваторски центар - Скопје ќе влезе во сила по добивањето на согласност од министерот за култура согласно Законот за култура.

Претседател
на Управниот одбор,
Светланка Коруновска-Аџигогова

дк

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
КОНЗЕРВАТОРСКИ ЦЕНТАР-СКОПЈЕ
Бр. 02-124/3
15.02. 2018 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 36 став (1) точка 1 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18) и член 21 став (1) точка 1 од Статутот на Националната установа Конзерваторски центар - Скопје, бр.01-463/1 од 11.06.2015 година, а во врска со членот 2 и член 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 11/18) и членовите 1 и 9 од Законот за изменување и дополнување на Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 11/18), Управниот одбор на Националната установа Конзерваторски центар - Скопје, на седницата одржана на _______________ година, ја донесе следната

**Одлука за изменување и дополнување**

**на Статутот на Националната установа Конзерваторски центар - Скопје бр.01-463/1 од 11.06.2015 година**

**Член 1**

Во Статутот на Националната установа Конзерваторски центар - Скопје, бр.01-463/1 од 11.06.2015 година, во член 12 ставот (3) се брише.

**Член 2**

Во членот 14 став (1) точката 4 се менува и гласи:

„4) да има минимум пет години работен стаж во областа на културата или пет години работно искуство на работи или проекти во областа на културата врз основа на склучени договори за дело".

Точката 6) се брише.

Точката 7) станува точка 6).

По ставот (1) се додаваат два нови става (2) и (3), кои гласат:

„(2) Директорот кој е именуван во периодот од денот на влегувањето во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 11/18) до 1 септември 2018 година, е должен да го исполни условот за познавање странски јазик најдоцна во рок од една година од денот на неговото именување.

(3) На директорот кој нема да го исполни условот за познавање странски јазик во рокот утврден во став (2) на овој член му престанува мандатот."

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на добивањето на согласност од министерот за култура, а ќе се објави на огласната табла на Конзерваторскиот центар - Скопје.

**Образложение**

Согласно добиеното Известување од Министерството за култура, бр.52-1020/1 од 25.01.2018 г. (наш бр.03-78/1 од 29.01.2018 година) за потребата од измена на Статутот на установата, поради причините наведени во известувањето, НУ Конзерваторски центар - Скопје започна постапка за измена и дополнување на Статутот на Националната установа Конзерваторски центар - Скопје, бр.01-463/1 од 11.06.2015 год.

Имено, измената и дополнувањето на Статутот на НУ Конзерваторски центар - Скопје се врши поради следниве причини:

**1.** Согласно измените во **Законот за изменување и дополнување на Законот за културата** („Службен весник на Република Македонија" бр. 11/18) произлегува потребата за измена на Статутот на НУ Конзерваторски центар - Скопје, и тоа: прецизирање на работното искуство кое треба да го има стекнато кандидатот за избор на директор на национална установа и бришењето на одредбата од Законот која се однесува на склучување на менаџерски договор меѓу министерот за култура и директорите на националните установи.

**2.** Согласно измените во **Законот за изменување и дополнување на Законот за културата** со кој се уредува прашањето во однос на бришење на одредбата за положен психолошки тест и тест за интегритет, како општ услов за избор на директор на национална установа од областа на културата и одредба со која се определува дека директорот кој е именуван во периодот од денот на влегувањето во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 11/18) до 1 септември 2018 година, е должен да го исполни условот за познавање на странски јазик, најдоцна во рок од една година од денот на неговото именување. На директорот, кој нема да го исполни условот за познавање странски јазик во утврдениот рок, му престанува мандатот.

Имајќи ги предвид донесените Закони и Известувањето од Министерството за култура се јави потребата од усогласување на Статутот на НУ Конзерваторски центар - Скопје, и тоа во делот на општите услови утврдени со Законот за културата, кои треба да ги исполни лицето за да може да биде избрано за директор на установата.

Одлуката за измена и дополнување на Статутот на НУ Конзерваторски центар - Скопје ја донесува Управниот одбор на НУ Конзерваторски центар - Скопје, согласно член 21 став 1 точка 1 од Статутот на НУ Конзерваторски центар - Скопје, а согласност на примена на истата дава министерот за култура.

**Претседател на Управен одбор**

**Д-р Јулија Тричковска**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА КОНЗЕРВАТОРСКИ ЦЕНТАР СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
КОНЗЕРВАТОРСКИ ЦЕНТАР-СКОПЈЕ
Бр. 02-188/3
06.03. 2018 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 36 став (1) точка 1 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18) и член 21 став (1) точка 1 од Статутот на Националната установа Конзерваторски центар - Скопје бр. 01-463/1 од 11.06.2015 година, Управниот одбор на Националната установа Конзерваторски центар - Скопје, на седницата одржана на 06.03.2018 година, ја донесе следната

**Одлука за изменување и дополнување**
**на Статутот на Националната установа Конзерваторски центар - Скопје**
**бр.01-463/1 од 11.06.2015 година**

**Член 1**

Во Статутот на Националната установа Конзерваторски центар - Скопје, бр.01-463/1 од 11.06.2015 година, во членот 14 став (1) во точката 3 зборовите „областа на архитектурата, археологијата, ликовни уметности и применета уметност, градежништво, историја на уметност, етнологија, правни науки, економски науки, општествено-хуманистички науки, природно-применети науки, одбрана и безбедност или од областа на биологијата и хемијата“ се заменуваат со зборовите „научното подрачје на: природно-математичките науки, техничко-технолошките науки, општествените науки или хуманистичките науки;“.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на добивањето на согласност од министерот за култура, а ќе се објави на огласната табла на Конзерваторскиот центар - Скопје.

**Образложение**

Измената и дополнувањето на Статутот на НУ Конзерваторски центар - Скопје се врши поради потребата од усогласувањето на делот за образование како општ услови, кој треба да ги исполни лицето за да може да биде избрано за директор на установата, со Класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според меѓународната фраскатиева класификација („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/2010).

Одлуката за измена и дополнување на Статутот на НУ Конзерваторски центар - Скопје ја донесува Управниот одбор на НУ Конзерваторски центар - Скопје, согласно член 21 став 1 точка 1 од Статутот на НУ Конзерваторски центар - Скопје, а согласност на истата дава министерот за култура.

**Претседател на Управен одбор**

**д-р Јулија Тричковска**

[redacted]

Република Македонија
**Влада на Република Македонија**
**Министерство за култура**


Министерство за култура на Република Македонија
ЕМБС 4219651
Сектор за нормативно - управни работи и за авторското право и сродните права
ул.„Ѓуро Ѓаковиќ" бр.61, 1000 Скопје,
Република Македонија,
тел.: +389 (0)23240-665
факс: +389(0)23240-561
е-адреса: @kultura.gov.mk
www.kultura.gov.mk


**Бр. 52-3409/3**
**Датум: 20.04.2018 година**

**До: Националната установа Конзерваторски ценар**
***Скопје***


РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
КОНЗЕРВАТОРСКИ ЦЕНТАР - СКОПЈЕ
СКОПЈЕ

| Примено: 24.04.2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 02 | 188/4 | | |


**Предмет:** Доставување Решение

Почитувани,

Во прилог, на ваше натамошно постапување, ви го доставуваме Решението бр. 52-3409/2 од 20.04.2018 година, за давање согласност на Одлуките за изменување и дополнување на Статутот на Националната установа Конзерваторски центар - Скопје бр. 02-124/3 од 15.02.2018 година и бр. 02-188/3 од 06.03.2018 година.

Со почит,

**МИНИСТЕР,**

**м-р Роберт Алаѓозовски**

Прилог: (1)
52/Изработил: Фросина Ѓоршовска
Одобрил: Драгана Ќурчиоска

ВД

Архивски знак: ________
Рок на чување: ________ год.
________ 20___ год.
Потпис

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
Бр. 52 - 3409/2
20 04 2018 год.
Скопје

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
КОНЗЕРВАТОРСКИ ЦЕНТАР - СКОПЈЕ
СКОПЈЕ

| Примено: 24.04.2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 02 | 188/5 | | |

Врз основа на член 25 став (2) од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), министерот за култура го донесе следново

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање согласност на Одлуките бр. 02-124/3 од 15.02.2018 година и бр. 02-188/3 од 06.03.2018 година за изменување и дополнување на Статутот на Националната установа Конзерваторски центар - Скопје бр. 01-463/1 од 11.06.2015 година**

1. Се дава согласност на Одлуките за изменување и дополнување на Статутот на Националната установа Конзерваторски центар - Скопје бр. 02-124/3 од 15.02.2018 година и бр. 02-188/3 од 06.03.2018 година, донесени на седниците на Управниот одбор одржани на 15.02.2018 година и на 06.03.2018 година, со кои се врши измена на Статутот на Националната установа Конзерваторски центар - Скопје бр. 01-463/1 од 11.06.2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Националната установа Конзерваторски центар - Скопје (во натамошниот текст: установата), до Министерството за култура достави Барања бр. 03-124/4 од 16.02.2018 година и бр. 01-262/1 од 16.03.2018 година, со кои се бара согласност на Одлуките за изменување и дополнување на Статутот на Националната установа Конзерваторски центар - Скопје 02-124/3 од 15.02.2018 година и бр. 02-188/3 од 06.03.2018 година, донесени на седниците на Управниот одбор одржани на 15.02.2018 година и на 06.03.2018 година, со кои се врши измена на Статутот на Националната установа Конзерваторски центар - Скопје бр. 01-463/1 од 11.06.2015 година.

Македонија, 1000 Скопје, Ѓуро Ѓаковиќ 61,
Тел: 3240-500, 3240-523; Факс: +389(02)3226-920
**e-mail: info@kultura.gov.mk ; www.kultura.gov.mk**

Цитираните Одлуки за изменување и дополнување на Статутот на установата се донесени заради усогласување на Статутот со Законите за изменување и дополнување на Законот за културата, објавени во „Службен весник на Република Македонија“ бр.11/2018 и тоа во делот на: прецизирање на општите услови за избор на директор на установа и бришење на одредбата која се однесува на склучување на менаџерски договор меѓу министерот за култура и директорот на установата.

Согласно членот 25 ставови (1) и (2) од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15 и 39/16), националната установа од областа на културата има статут со кој се уредува работата и организацијата на установата и обезбедувањето јавност во нејзината работа, на кој согласност дава министерот за култура.

Имајќи го предвид напред наведеното, министерот за култура одлучи како во диспозитивот на ова решение.

М И Н И С Т Е Р,

м-р Роберт Алаѓозовски

52/ Подготви: Фросина Ѓоршовска
Одобри: Драгана Ќурчиоска

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
КОНЗЕРВАТОРСКИ ЦЕНТАР-СКОПЈЕ
Бр. 01-265/1
13.03. 2019 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 36 став (1) точка 1 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18) и член 21 став (1) точка 1 од Статутот на Националната Установа Конзерваторски центар – Скопје, бр. 01-463/1 од 11.06.2015 година, бр. 02-124/3 од 15.02.2018 година и бр. 02-188/3 од 06.03.2018 година, а во врска со амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV и XXXVI на Уставот на Република Северна Македонија и Уставниот закон за спроведување на амандманите од XXXIII до XXXVI („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 06/19), Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите Нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните, Извадокот од Нацрт – записникот од Сто дваесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 25 февруари 2019 година бр. 45-1656/1 и 45-1658/1 од 25 февруари 2019 година и Законот за употреба на јазиците („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.07/19), Управниот одбор на Националната установа Конзерваторски центар-Скопје, на седницата одржана на 13.03.2019 година, ја донесе следната:

**Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Националната Установа Конзерваторски центар - Скопје**

**Член 1**

Во Статутот на Националната Установа Конзерваторски центар -Скопје бр. 01-463/1 од 11.06.2015 година, бр. 02-124/3 од 15.02.2018 година и бр. 02-188/3 од 06.03.2018 година во целиот текст, со исклучок на членот 3 став (1) зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

**Член 2**

Во членот 2 ставовите (1) и (2) се менуваат и гласат:

„(1) Целосниот назив на Конзерваторскиот центар гласи: „Република Северна Македонија, Национална установа КОНЗЕРВАТОРСКИ ЦЕНТАР - СКОПЈЕ Скопје“, Republika e Maqedonisë së Veriut, Institucioni Nacional, QENDRA KONZERVATORE - SHKUP Shkup“.

(2) Скратениот назив на Конзерваторскиот центар гласи: „НУ КОНЗЕРВАТОРСКИ ЦЕНТАР – Скопје, Скопје, IN QENDRA KONZERVATORE – Shkup, Shkup“.“

**Член 3**

Во членот 5 ставовите (2) и (3) се менуваат и гласат:

„(2) Печатот има форма на круг, со пречник од 40 мм по чија внатрешна страна, полукружно, со кирилско/латинично писмо во три реда е испишан

текстот: „РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА КОНЗЕРВАТОРСКИ ЦЕНТАР – СКОПЈЕ“, REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT, INSTITUCIONI NACIONAL QENDRA KONZERVATORE – SHKUP“, а во долниот дел е напишано седиштето на установата “СКОПЈЕ/ SHKUP“, а во средината - грбот на Република Северна Македонија.

(3) Штембилот е со форма на правоаголник со должина од 65 мм и широчина од 40 мм, над испишаниот текст стои грбот на Република Северна Македонија и со текст испишан на кирилско / латинично писмо под грбот се наоѓа текст кој гласи: во горниот раб текстот „РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT”, под него текстот “НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА, INSTITUCIONI NACIONAL”, под кој со големи букви следува текстот “КОНЗЕРВАТОРСКИ ЦЕНТАР - СКОПЈЕ“, QENDRA KONZERVATORE - SHKUP”, во средината, има ознака „Бр.Nr.______________“. На долниот раб се наоѓа линија за внесување на датумот ”______________ год./viti”, под која стои називот на седиштето ‘„СКОПЈЕ / SHKUP”.

**Член 4**

Во член 6 ставот (2) се менува и гласи:

„(2) Заштитниот знак од ставот (1) на овој член има кружна форма која е обликувана од следниот текст „РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА, REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT INSTITUCIONI NACIONAL“ во надворешниот круг и текстот „КОНЗЕРВАТОРСКИ ЦЕНТАР-СКОПЈЕ, QENDRA KONZERVATORE-SHKUP“, во внатрешниот круг, а во средина е исцртан Камениот мост, дел од тврдината „Кале“ и во далечина планински врв“.“

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на добивањето на согласност од министерот за култура, а ќе се објави на огласната табла на Конзерваторскиот центар.

**Образложение**

Согласно добиеното Известување - Барање од Министерството за култура за постапување по Извадокот од Нацрт – записникот од Сто дваесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 25 февруари 2019 година, број 45-1656/1 и број 45-1658/1 од 25.02.2019 година за потребата од измена на Статутот на Установата, поради причините наведени во Известувањето, Националната установа Конзерваторски центар - Скопје започна постапка за измена и дополнување на Статутот на Националната Установа Конзерваторски центар - Скопје бр. 01-463/1 од 11.06.2015 година, бр. 02-124/3 од 15.02.2018 година и бр.02-188/3 од 06.03.2018 година.

Имено, измената и дополнувањето на Статутот на Националната Установа Конзерваторски центар - Скопје се врши поради следниве причини:

1. Согласно амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV и XXXVI на Уставот на Република Северна Македонија и Уставниот закон за спроведување на амандманите од XXXIII до XXXVI („Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 06/19) произлегува потребата за измена на Статутот на

Националната установа  Конзерваторски центар - Скопје, и тоа: промена на називот на институцијата.

2. Согласно член 7 став (1) од Законот за употреба на јазиците („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.07/19) произлегува потребата од промена на називот на институцијата и печатите на институцијата.

Исто така со оваа Одлука се врши усогласување на заштитниот знак/логото на Установата.

Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Националната Установа  Конзерваторски центар - Скопје ја донесува Управниот одбор на Установата, согласно член 21 став (1) точка 1 од Статутот на Установата, а согласност на примена на истата дава министерот за култура.

**Управен одбор на**
**НУ Конзерваторски центар**
**д-р.Јулија Тричковска**

Архивски знак
Рок на чување ___ го
___ 20 ___ г.
Потпис

Република Северна Македонија
**Министерство за култура**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**

Сектор за нормативно-управни работи и за авторското право и сродните права

Sektori i Çështjeve Normative-Administrative dhe i të Drejtës së Autorit dhe të Drejtave të Ndërlidhura

53-3803/2
10 04 2019

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
КОНЗЕРВАТОРСКИ ЦЕНТАР СКОПЈЕ
СКОПЈЕ
Примено: 15.04.2019
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| --- | --- | --- | --- |
| 01 | 265/5 | | |

Врз основа на член 25 став (2) од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18) и член 48 став (2) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00; 44/02; 82/08; 167/10 и 51/11), заменикот на министерот за култура го донесе следново

## РЕШЕНИЕ

**за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Националната Установа Конзерваторски центар - Скопје за култура бр. 01-265/1 од 13.03.2019 година**

1. Се дава согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Националната Установа Конзерваторски центар - Скопје бр. 01-265/1 од 13.03.2019 година, донесена на седницата на Управниот одбор одржана на ден 13.03.2019 година, со која се врши измена на Статутот на Националната Установа Конзерваторски центар-Скопје бр. 01-463/1 од 11.06.2015 година, бр.02-124/3 од 15.02.2018 година и бр.02-188/3 од 06.03.2018 година.
2. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

## Образложение

Националната Установа Конзерваторски центар - Скопје (во натамошниот текст: установата), до Министерството за култура достави Допис бр. 01-265/2 од 13.03.2019 година со наш архивски бр. 53-3196/1 од 14.03.2019 година. Со наведениот Допис Установата доставиОдлука за изменување и дополнување на Статутот на Национална Установа Конзерваторски центар-Скопје, по кои Министертсвото за култура во усни консултаци укажа на потребата за номотехничко подобрување на текстот на одлуката.

По укажувањето, Установата со Допис бр. 01-265/3 од 28.03.2019 година заведено под наш архивски бр. 53-3803/1 од 29.03.2019 година, достави Одлука бр.01-265/1 од 13.03.2019 година за изменување и дополнување на Статут на Националната Установа Конзерваторски центар – Скопје бр. 01-463/1 од 11.06.2015 година, бр.02-124/3 од 15.02.2018 година и бр.02-188/3 од 06.03.2018 година.

Одлуката бр.01-265/1 од 13.03.2019 година за изменување и дополнување на Статутот на Национална Установа Конзерваторски центар-Скопје, е донесена согласно амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV и XXXVI на Уставот на Република


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643
www.kultura.gov.mk